# MASTER 4.0 2. NEWSLETTER

**Одржан втор онлајн состанок помеѓу партнерите**

Вториот транснационален состанок на проектот требаше да се одржи во Скопје, Северна Македонија, но поради околностите со пандемијата на коронавирус, се одржа онлајн на 28 и 29 мај 2020 година. Партнерите ја презентираа својата работа за изработка на испитни прашања и програми, како и за напредокот во изработка на онлајн платформата. Одржан е и посебен онлајн состанок на 9 јуни 2020 година, со цел заедничка работа на испитните прашања од општиот дел од мајсторскиот испит

## Изработена методолошка рамка со упатства за изготвување на испитни прашања

Со цел да се обезбеди усогласување на прашањата за мајсторските испити за сите занимања во сите држави, учесници на проектот, Хрватската занаетчиска комора со помош на проектните партнери изработи, **Методолошка рамка со упатства за изготвување на испитни прашања**. Појдовна точка за креирање на рамката беше вебинарот на иста тема, организиран од Алгебра. Посебно внимание во методолошката рамка е ставено на *вреднување на знаењето, резултатите од учење, нивото на знаење и вештини и детална разработка на развојот на испитот, со посебен акцент на видовите на испитните задачи и бодувањето, односно оценувањето*. Покрај подобрувањето на општите делови на испитот (економија и правни регулативи, работна педагогија) и избраните стручно-теоретски делови од испитот за одредени занимања, изработената рамка ќе претставува почетна точна за понатамошно унапредување на испитните прашања за стручно-теоретските делови од испитите за останатите занимања во партнерските држави.

## Започна изработка на програми и прашања за мајсторските испити во партнерските држави

Врз основа на изработената рамка, партнерите од Хрвтаска, Словенија, Северна Македонија и Црна Гора започнаа со изработка на нови испитни прашања за мајсторските испити. Во сите држави, партнери на проектот, се подобруваат испитните прашања за општиот дел на испитот, при што партнерите соработуваат и и разменуваат искуства. За таа цел, организиран е посебен онлајн состанок на **9.6.2020 год.** на кој се анализирани примери на испитни прашања од различни земји од областа на работната педагогија, а Хрватската занаетчиска комора, како водечки партнер во овој дел од проектот, даваше упатства и совети за подобрување и прилагодување на испитни прашања. Занаетчиската комора и мали бизниси на Република Словенија ги подобрува стручно-теоретските делови на мајсторскиот испит за занимањата *столар, ѕидар и електроинсталатер*, додека партнерите од С. Македонија, Занатчиска комора Скопје, Здружение Среќен живот, Тетово, изработува прашања за стручно-теоретските делови на мајсторскиот испит за занимањата *автомеханичар и пекар*. Занаетчиско-претприемничка комора на Р. Црна Гора изработува испитни прашања за стручно-теоретските делови на мајсторскиот испит за занимањата *кројач на висока мода* и програмата за мајсторскиот испит и ипитните пршзња за занимањето *фотограф.*

ERASMUS+ MASTER4.0

Erasmus+




**Напредната изработката на онлајн платформата за подготовка и полагање на мајсторскиот испит**

Со цел дополнително подобрување на мајсторскиот испит во земјите партнери, во рамките на проектот се развива онлајн платформа, која се состои од отворен дел и делови за подготовка и полагање на мајсторскиот испит. Дел од онлајн платформата што ќе биде отворена за јавноста, ќе им обезбеди на сите заинтересирани страни увид во спроведувањето на мајсторскиот испит и со тоа ќе го промовираат мајсторското звање. Платформата ја изработува Алгебра. За време на онлајн состанокот на партнерите на крајот на мај 2020 година, Алгебра ги претстави функционалностите на платформата што се подготвени досега, како и предлогот „ landing “ страница, преку која заинтересираната јавност и кандидатите ќе можат да пристапат на испитот.

**Koordinatorprojekta:**
Hrvatska obrtničkakomora
master4.0@hok.hr+38514806611

**Saznajteviše o projektu:**
https://e-majstor.eu/
https://www.facebook.com/emajstor.eu

*Оваа публикација е овозможена со финансиска поддршка од Европската комисија. Тој ги изразува ставовите само на неговите автори, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се користи за информациите содржани во нив.*